Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16, 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2023 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2023 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2023 година („Службен весник на Републи ка Северна Македонија“ бр.123/23) во Делот I во воведната реченица износот „104.000.000,00“ се заменува со износот „4.000.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 500.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 500.000,00 |
| 3. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | 500.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на само-никнати видови со органско потекло) | 500.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 500.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 500.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства | 500.000,00 |
| 8. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 и 2021 година и Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година | 500.000,00 |
| | Вкупно | 4.000.000,00 |

“.

II

Во делот II став (1) во воведната реченица износот „25.000.000,00 “ се заменува со износот „500.000,00“.

III

Во делот III став (1) во воведната реченица износот „52.000.000,00 “ се заменува со износот „500.000,00“.

IV

Во делот XI во точката 1 по зборовите „До 30 јуни 2023 година“ се додаваат зборовите „ , како и до 30 декември 2023 година“.

Во точката 2 по зборовите „До 31 октомври 2023 година“ се додаваат зборовите „ , како и до 30 декември 2023 година“.

Во точката 3 зборовите „До 25 декември 2023 година“ се заменуваат со зборовите „До 30 декември 2023 година“.

Во точката 4 во алинејата 1 по зборовите „ до 30 јуни 2023 година“ се додаваат зборовите „ ,како и до 30 декември 2023 година“.

Во алинејата 2 по зборовите „до 5 ноември 2023 година“ се додаваат зборовите „ , како и до 30 декември 2023 година“.

V

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.41-13494/3
22 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.